Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 ноември 2022 година**

**Скопје, ноември 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 2 ноември 2022 година**

Седницата започна во 10 : 15 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Аница Ивановски Стрезовски, државен советник во Министерството за финансии, Тања Трипуновска, државен советник во Министерството за финансии, Тоше Пановски, раководител на одделение во Министерството за финансии, Душица Сеизовска Јовановиќ, член на Управен одбор и директор за правни и општи работи во Акционерско друштво Електрани на Северна Македонија, Скопје.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог на буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

2. Предлог на закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, по скратена постапка

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

5. Информација за преземање на мерка за обезбедување на дополнителни количини на топлинска енергија во случај на постоење на кризна состојба, со Предлог-одлука

6. Предлог-одлука за престанување на важење на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки

7. Предлог-одлука за определување на највисоки цени на одделни стоки во трговијата на мало

8. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Предлогот на буџет на Република Северна Македонија за 2023 година и го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерството за здравство да обезбеди дополнителни средства во износ од 14,4 милиони денари за изградба на Општа болница Кичево, со внатрешна прераспределба на средства.

2. Во делот на Министерството за внатрешни работи Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година да се намали за 15 милиони денари.

3. Во делот на Секретаријат за законодавство да се обезбедат дополнителни средства во износ од 160 илјади денари, со истовремено намалување на средствата во Раздел 04001-Влада на Република Северна Македонија.

4. Во делот на Управата за водење на матичните книги да се провери и доколку има потреба соодветно да се коригира бројот на нововработени за 2023 година.

5. Да се обезбедат дополнителни средства во износ од 800 милиони денари за усогласување на платите согласно новата Методологија на плати за вработените во јавниот сектор и соодветно да се распределат по буџетски корисници.

6. Пречистениот текст на Предлогот на буџет на Република Северна Македонија за 2023 година да се достави до Собранието, согласно член 179 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии,

Аница Иваноска Стрезовски, државен советник во Министерството за финансии и Тања Трипунова, државен советник во Министерството за финансии.

Истовремено, Владата заклучи:

- Со оглед на тоа што инспекциските служби претставуваат коректив на делувањето во различните области и нивното функционирање е од особено значење за успешното остварување на надлежностите на извршната власт, потребно е по пат на мобилност да се зајакне оваа служба.

За оваа цел потребно е Министерство за информатичко општество и администрација во соработка со Генералниот секретаријат на Влада на Република Северна Македонија до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор, со кој ќе се овозможи преземање службеници во инспекциските служби од целиот јавен сектор, а не само административни службеници како што е постојното законско решение.

- Министерство за образование и наука при подготовка на законското решение за субвенциониран студентски оброк, да ја разгледа можноста износот на дневен оброк да го ограничи на 120 денари, средствата да може да се користат на дневна основа, односно целиот износ да не може да се повлече одеднаш, плаќањето да се реализира со посебен софтвер (со картички) и критериумот за користење на средствата да биде родителите на студентот да имаат вкупни месечни примања од две минимални плати или до 40.000 денари.

Исто така, при подготовка на законското решение за бесплатен превоз за студенти, да ја разгледа можноста критериумот за користење на средствата да биде родителите на студентот да имаат вкупни месечни примања од две минимални плати или до 40.000 денари.

Истовремено, да ја разгледа можноста при подготовка на соодветната програма за доделување на стипендии на еден од првите сто рангирани универзитети во светот, да се заостри критериумот за видот на образование кој може да биде предмет за стипендирање.

- Се задолжуваат сите министерства до 7 ноември 2022 година (понеделник) до Министерство за финансии да достават пополнета табела со следниве податоци: плати, услуги, трансфери, субвенции, реформи, мерки и политики, како и фискални импликации предвидени со Буџетот и очекувани резултати, која Министерство за финансии навремено ќе им ја достави.

**Точка 2**

Владата го разгледа Предлогот на закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска-Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

**Точка 3**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за преземање на мерка во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија, со заклучок текстот на истата номотехнички да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за преземање на мерка за обезбедување на дополнителни количини на топлинска енергија во случај на постоење на кризна состојба, со Предлог одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за преземање на мерка за обезбедување на дополнителни количини на топлинска енергија во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжува Друштво за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје да склучи Договор за купопродажба на топлинската енергија со Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје, во рамки на потребните количини, а согласно потребите на Друштво за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје на месечно ниво.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанување на важење на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки и ја донесе Одлуката за престанување на важење на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 7**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за определување на највисоки цени на одделни стоки во трговијата на мало и ја донесе Одлуката за определување на највисоки цени на одделни производи во трговијата на мало (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 8**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11.25 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**